**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 декември 2005 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници, ја отворам Сто и деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Рафет Муминовиќ, Ванчо Горгиев, Каролина Ристова, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Џезаир Шаќири, Љубчо Георгиевски и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за домување, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе Законот за изменување на Законот за домување.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста, овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господинот Кошутиќ, заменик министер за транспорт и врски.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со членот 8 од Законот за измени и дополнувања е утврдено дека лицата кои имаат статус на носители им се трансформира статусот на носител на станаско право, најдоцна до 31 декември 2005 година.

Трансформацијата на статусот се однесува и за носители на станарско право на стан на претпријатие или установа кои повеќе не постојат, се приватизирани, се ликвидирани или се во стечај. Од причини што рокот утврден во членот 8, 31.12.2005 истекува, а сеуште постојат станови што не се трансфомирани, согласно овој член се уште се водат постапки согласно Законот за денационализација, се оцени дека е потребно да се даде можност на лицата кои не го трансформирале своето право да можат до 31 декември 2006 година и тоа да го сторат.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Службите нека ме известат колку се потпишани затоа што ќе треба да гласаме за ова образложение.

Ќе причекаме малку.

Службите нека утврдат колку се присутни во салата.

(Службите го утврдуваат бројот).

Благодарам.

Во салата се сега присутни 62 пратеници.

Образложението за оправданоста на овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 57 гласале, 56 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледува, а и со оглед дека сме при крај на годината, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 гласале, 63 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниотв дневен ред:

Предлог на закон за изменување на Законот за домување.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 гласале, 61 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на закон за изменување на Законот за домување**

Предлогот на законот ви е досавен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Нема)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

65 гласале, 65 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за домување.

Со тоа ја заклучувам Сто и девтнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

А вие, господине Кошутиќ пренесете до Владата дека ова веќе нема да се случи. Има да си чекате. Кажете и на Владата дека ова е новогодишен подарок од Собранието.

(Седницата заврши во 11,08 часот).